# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТОТ ЕКОНОМИЈА НА ЈАВНИОТ СЕКТОР НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на објавениот конкурс во весникот ”Утрински весник”, од 27.11.2008 година, за избор на наставник по предметот економија на јавниот сектор, на Економскиот факултет на Универзитетот ”Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 15.12.2008 година не определи за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по предметот економија на јавниот сектор.

По проучувањето на пријавата и другите конкурсни материјали Комисијата има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс се пријави само кандидатот д-р Љубомир Кекеновски, доцент на Факултетот по предметот економија на јавниот сектор на Економскиот факултет во Скопје.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Љубомир Кекеновски е роден во Скопје на 23.10.1962 година. Основното и средното образование ги завршил во родниот град. По успешното завршување на студиите на Економскиот факултет во Скопје, во учебната 1988/89 се запишал на последипломските студии на студиумот ”Економски развој со методи на економската анализа”. По полагањето на предвидените испити на овој студиум, ја изработил и на 14.07.1995 година ја одбранил магистерската работа под наслов ”Јавниот сектор во развиените пазарни стопанства”, со што се стекнал со академско звање магистер на економски науки.

Од своето вработување на Факултетот на 1.3.1989 година, како помлад асистент е ангажиран во изведувањето вежби по предметот политичка економија, во спроведувањето на колоквиумот по истиот предмет, како и во одржувањето консултации и други активности кои се интегрален дел на наставно-научниот процес на Факултетот. Во еден мандат бил и секретар на Катедрата за економија.